# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕСЕ

**јануари,  2011 – декември, 2011**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**

**ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ**

Во рамките на годишната програма на ЕСЕ за 2011 година предвидени се четири програмски компоненти, и тоа:

**I. КОМПОНЕНТА:** Мониторинг и анализа на буџети

**II. КОМПОНЕНТА:** Директни услуги за ранливите категории на жени

**III. КОМПОНЕНТА:** Пара-правна помош и олеснување на пристапот до правниот систем со акцент на правата на здравствена заштита

**IV. КОМПОНЕНТА:** Активности за прибирање на средѕтва во насока на развивање на филантропија

## I. КОМПОНЕНТА:

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ

ЕСЕ има исклучително богато минато на застапување. Ова го потврдуваат и резултатите од нашиот досегашен ангажман и работење. Дел од нив се: измени и дополненија на Кривичниот законик на РМ; измени и дополненија на Законот за семејство; измени и дополненија на Законот за социјална заштита; подготовка на повеќе подзаконски прописи кои се однесуваат на системите на заштита од семејно насилство; подготовка на Национална програма за заштита од семејно насилство 2008-2011; подготовка на препораки за унапредување на здравственото осигурување на Ромите; подготовка на Националниот акционен план за здравје на Ромите за период 2009-2011 итн. Покрај ова, ЕСЕ редовно ја користи практиката на подготовка на извештаи во сенка кон одредени меѓународни документи. Досега имаме подготвено четири извештаи во сенка, кон четири меѓународни договори (Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените, Меѓународната повелба за граѓански и политички права, Меѓународната повелба за економски, социјални и културни права и Конвенцијата против тортура). Во два наврати ЕСЕ известуваше пред Комитетите на ОН за состојбите во нашата земја.

Но, и покрај своето долгогодишно искуство на застапување започнувајќи од 2008 година ЕСЕ отпочна со првично применување на концептот на мониторирање на буџети и застапување базирано на истите. Применувањето на овој концепт ЕСЕ го примени на прашањето на здравјето на Ромите. Ова искуство, му помогна на ЕСЕ во осознавање на значењето од користење на оваа алатка, како и на можноста за нејзино интегрирање во сите области на кои работи ЕСЕ. Во таа смисла ЕСЕ на долгорочен план планира да го интегрира овој концепт, односно ќе ја користи оваа алатка за поефикасно и поаргументирано застапување на прашањата кои се од долгогодишен интерес на организацијата. Па така, ЕСЕ ќе ја интегрира, односно користи оваа алатка на следните области од интерес: здравствената заштита, односно остварување на правото на здравје и здравствена заштита, тука вклучувајќи го здравјето на Ромите и женското здравје; родовата еднаквост, воопшто и семејното насилство, како еден од облиците на насилство врз жената. Имајќи го предвид досегашното работење на ЕСЕ, оваа алатка ќе се применува во активностите кои ЕСЕ ги презема на национално и на локално ниво.

Во рамките на оваа програмска компонента во периодот јануари – декември 2011 ќе се спроведат следните активности:

***- Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво (општина Кочани и Тетово) и***
***- Активности за градење на капацитетите на ЕСЕ за интегрирање на мониторингот и анализата на буџети.***

### *1. Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво (општина Кочани и Тетово)*

Во рамките на програмата за работа за 2011 година ЕСЕ ќе спроведе активности за застапување кои ќе водат до усвојување на локалните акциски планови за унапредување на сексуално и репродуктивно здравје и права на населението и заштита од семејно насилство во општина Кочани и Тетово, кои ќе водат до буџетски импликации односно за кои ќе бидат потребни буџетски алокации во локалните буџети на двете општини. Овие активности преставуваат продолжение на програмските активности кои ЕСЕ ги реализираше во рамките на програмата за работа за 2010 година.

Во таа насока ЕСЕ ќе преземе низа на активности кои се во согласност со буџетскиот циклус на општинско ниво. Во согласност со тоа ЕСЕ ќе ги преземе следните подактивности:

**1.1. Идентификација на целните лица за застапување**

Оваа активност подразбира идентификување на лица кои се одговорни за усвојување на локалните акциони планови за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права и за заштита од семејно насилство, како и лица кои можат да застапуваат до клучните лица во двете инволвирани општини.

**1.2. Мониторинг и анализа на буџетите на локално ниво**

Буџетите на локално ниво ќе се анализираат со цел да се утврди од кои извори можат да се пренаменат средства кои се потребни за реализација на локалните акциони планови за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права и за заштита од семејно насилство во двете општини. Анализата на буџетите во двете општини ќе се изврши во соработка со одговорните актери за буџетско планирање, како и одговорните лица по споменатите проблематики во двете општини.

**1.3. Подготовка на документ за застапување (Policy brief)**

По спроведената анализа ЕСЕ ќе подготви документ кој ќе ги содржи клучните активности и цели на локалните акциони планови за унапредување на сексуално и репродуктивното здравје и права и за заштита од семејно насилство; потребните буџетски алокации, како и можните извори на средства за пренамена. Во рамките на оваа активност ќе се подготват вкупно четири вакви документи.

**1.4. Средби и контакти со целните лица за застапување**

Состаноците со целните лица за застапување ќе бидат со цел истите да се запознаат со локалните акциски планови, со потребата од нивно усвојување, како и со потребната буџетска алокација за нивно реализирање. Како основни алатки при ова застапување ќе се користат подготвените локалните акциони планови и подготвените документи за застапување - **Policy brief**. При тоа, согласно на состојбите во поодделните општини, односно зависно од видот на локалниот акциски план ќе се договори динамиката на одвивањето на средбите, а воедно ќе се одреди и насоката на личното застапување.

**1.5. Следење на процесот на усвојување на локалните акциони планови и мониторирање на буџетите**

Во периодот октомври - декември ќе биде следен процесот на поднесување на локалните акциони планови за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права и за заштита од семејно насилство до Советот на општината и нивното усвојување. Во однос на мониторингот на буџети, ќе се изврши мониторинг во фазата на планирање, односно ќе се мониторира колку средства се издвоени за имплементација на локалните акциони планови.

**1.6. Активности за запознавање на јавноста со потребата од усвојување на локалните акциски планови**

Напоредно со горе наведените активности ЕСЕ ќе организира и спроведе отворени форуми во двете општини преку кои јавноста ќе се запознае со потребата од усвојување на локалните акциски планови и со потребата од соодветна буџетска алокација за истите. Во секоја општина ќе се одржат по два форуми и тоа, првиот во периодот кога Градоначалникот ќе го подготвува буџетот на општината, додека вториот во периодот кога Советот на општината ќе треба да го усвои општинскиот буџет. Вкупно ќе се одржат четири форуми. Исто така ќе се одржат емисии на локалните медиуми за запознавање на јавноста со потребата од усвојување на локалните акциони планови за унапредување на репродуктивното здравје и за заштита од семејно насилство.

## *2. Активности за градење на капацитетите на ЕСЕ за долгорочно користење на мониторингот и анализата на буџети*

За успешно интегрирање и применување на овој концепт во работењето на ЕСЕ, потребно е спроведување на следните активности за градење на капацитети:
- воведување на нова работна позиција – координатор за мониторинг и анализа на буџети;
- спроведување на процес на стратешко планирање со техничка помош на IBP – International Budget Partnership;
- две обуки за применување на концептот на мониторинг и анализа на буџети и
- организрање на една студиска посета.

### 2.1. Воведување на нова работна позиција – координатор за мониторинг и анализа на буџети

Како дел од програмските активности за мониторирање и анализа на буџети ЕСЕ ќе отвори нова работна позиција за координатор/ка задолжен/а за оваа компонента во работењето на ЕСЕ.

### 2.2. Стратешко планирање

По вработување на координаторот/ката ЕСЕ ќе спроведе процес на стратешко планирање по однос на интегрирање на концептот за мониторирање и анализа на буџети. Овој процес на стратешко планирање ќе се однесува на можностите и потребите од интегрирање на овој концепт/алатка на програмските области на кои работи ЕСЕ.  Овој процес ЕСЕ ќе се спроведе/модерира со техничка помош на IBP- International Budget Partnership, Вашингтон.

### 2.3. Обуки за применување на концептот на мониторинг и анализа на буџети

Имајќи ја предвид долгорочната визија на ЕСЕ за интегрирање на буџетската анализа и застапување; постоечките капацитети на ЕСЕ и расположивите обуки и курсеви за овие прашања, во текот на првата програмска година ќе се одвива преку континуиран процес на обука на персоналот. Имено, дел од сегашниот персонал на ЕСЕ, плус ново вработениот член – економист ќе учествуваат на две обуки организирани и спроведени од страна на ИБП.

### 2.4. Студиска посета

Покрај обуките, во текот на оваа програмска година ЕСЕ ќе организира една студиска посета на ИБП или некој од неговите партнери. Студиската посета ќе му помогне на персоналот на ЕСЕ да се запознае со практичните аспекти на буџетското анализирање и застапување. Студиската посета ќе се органира со техничка помош од ИБП.

**II. КОМПОНЕНТА:**

**ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ**

Во рамките на оваа програмска компонента во 2011 година ЕСЕ ќе продолжи со традиционално обезбедување на потребната помош и поддршка на ранливите категории на жени. Работењето на овие центри/советувалиште имаат за цел унапредување на статусот на ранливи и маргинализирани категории на жени, односно обезбедување на соодветна и квалитетна здравствена информација која ќе им овозможи на жените да бидат подготвени да донесуваат здрави одлуки, и обезбедување на бесплатна правна и психосоцијална помош и поддршка, како и судско застапување на жртвите на семејно насилство.

Во таа насока предвидено е работењето на центрите/советувалиште кои низа години работат на унапредување на женското здравје и заштитата од семејно насилство, односно работењето на:

***1. Здравствен информативен центар***

***2. Центар за правна помош за жени жртви на семејно насилство и***

***3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.***

***1. Здравствен информативен центар***

Поаѓајќи од нашата определба за унапредување на положбата на жената во здравствениот систем, преку поголема информираност за здравствените проблеми и преку нејзина подготовка во донесување на здрави избори, отворивме здравствен информативен центар. Преку Здравствениот информативен центар обезбедуваме достапна, квалитетна и бесплатна здравствена информација и услуга на сите девојки и жени без оглед на нивната возраст, финансиска состојба и етничка припадност. Овој центар работи од 2004 година во рамките на ЕСЕ.

Здравствениот информативен центар е отворен и за машката популација, особено за прашања поврзани за контрацепцијата и сексуално преносливите инфекции, состојбите кои се поврзани со одговорност и одлуки од страна на двата партнера. Здравствениот информативен центар е место за поддршка каде што квалификуваниот и искусен персонал верува во партнерската релација помеѓу лекарот/ката и клиентката или клиентот и верува во важноста на рамнотежата помеѓу физичкото, психичкото и емоционалното здравје како елементи кои придонесуваат до потполна благосостојба на човекот.

Нашите здравствени професионалци/ки во центарот обезбедуваат совети, индивидуална и групна поддршка, кои се однесуваат на специфичните полиња од женското здравје, како што се:

- Хипертензија;
- Остеопороза ;
- Контрацепција и
- Сексуално и репродуктивно здравје.

Во рамки на центарот нудиме и бесплатни услуги, како што се:

- Брзи тестови за шеќер, триглицериди и холестерол во крвта,
- Одредување на параметри во урина и
- Мерење на крвен притисок

Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Здравствениот информативен центар можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со здравствените професионалци. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.

Досега приближно 700 клиенти се обратиле во Здравствено информативниот центар, во просек на една година во овој се центар се обраќаат до 100 клиенти.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на ценарот подразбира спроведување на следните програмски активности:

**1.1. Работа на здравствениот информативен центар**
Здравствено информативниот центар во текот на целата година ќе: обезбедува здравствени совети на жените преку телефонска линија и директни средби; обезбедува информации за местата и видот на здравствени услуги кои им се потребни на жените; обезбедува директни здравствени услуги како што се одредување на параметри во крвта: шеќер, холестерол и триглицериди и ќе врши мерење на крвен притисок. На клиентите ќе им се обезбедуваат/делат здравствено едукативни материјали кои се претходно подготвени од страна на ЕСЕ. Во насока на промовирање на предметот на работење ќе се подготват промотивни материјали за центарот, како и ќе се рекламира неговото работење во медиумите (редовно огласување во печатени медиуми). За таа цел четири огласи ќе бидат објавени во печатените медиуми.

**1.2. Обезбедување на витамински препарати за превенција на остеопороза и контрацепциони средства на жените кои имаат потреба од истите**
Преку здравствениот информативен центар ќе се обезбедуваат витамини и средства за контрацепција за жените/девојките кои имаат потреба од истите, а финансиски не можат да си ги дозволат. Витамините и средствата за контрацепција ќе се обезбедуваат во текот на целата година.

**1.3. Подигнување на јавната свесност и промоција на здравјето за специфични прашања поврзани со здравјето на жените**
Во рамките на оваа активност ЕСЕ ќе организира настани за подигнување на јавната свесност за прашања поврзани со здравјето на жените, односно ќе ги одбележи 28 мај – Денот на здравјето на жените и 20 октомври – Меѓународниот ден за превенција на остеопорозата. Двата дена посветени на женското здравје ќе се одбележат со обезбедување на одреден број на бесплатни лекарски прегледи (лекарски прегледи за остеопороза и др.) и делење на бесплатни лекови (лекови за остеопороза и др.)

**1.4. Подготовка на интернет страна, како извор на информации и упатување во однос на здравјето на жените**
Интернет страната ќе содржи едукативни и информативни материјали поврзани со специфичните состојби за здравјето на жените. Воедно, страната ќе служи како место за упатување на жените кои бараат здравствени услуги поврзани со женското здравје.

**2. *Центар за правна помош***

Водејќи се од еден од најгорливите проблеми на општественото живеење- семејното насилство и потребата за обезбедување на соодветна бесплатна правна помош на жените - жртви на овој вид на насилство, ЕСЕ отвори центри за правна помош. Нашите центри работат веќе осум години. Покрај функционирањето на центарот во Скопје, а со цел правилно да ја дисперзираме застапеноста по региони, ЕСЕ отвори два дополнителни центри. Еден во источниот дел- Штип и еден во западниот дел на земјата -Тетово. Овие центри до минатата година беа поддржани од страна на ЕСЕ. Преку нашите тимови составени од адвокати, социјални работници и психолози

обезбедуваме бесплатна правна помош, психосоцијална помош и поддршка на жртвите на семејно насилство на целата територија на Р. Македонија.

Преку бесплатната правна помош обезбедуваме правни совети; подготвуваме потребни правни писмени поднесоци и вршиме судско застапување пред надлежните судови (за жртвите кои се социјални случаи или имаат ниски примања). Преку психолошка поддршка даваме прва психолошка помош и поддршка; активно ја слушаме жртвата, во правец на негување на нејзината самодоверба и ги јакнеме капацитетите на жртвата, се до формулирање и донесување на конечната одлука за разрешување на насилството. Исто така: даваме целосни информации за можностите од правна заштита од семејно насилство и ги информираме и упатуваме жртвите до потребните институции и служби коишто работат на полето на семејното насилство

Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Центрите за правна помош можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со нашите професионалци. Центарот за правна помош работи три дена во работната недела (понеделник и вторник). Почитување на правото на доверливост на изнесените информации и незастапување на странки со спротивни интереси (конфликт на интереси) се основните принципи според кои се раководиме во работењето на Центрите за правна помош.

Досега во Центарот за правна помош се обратиле приближно 4000 жени жртви на насилство. Во текот на минатата година 300 жртви се обратиле на Центарот за правана помош, а приближно 500 средби се реализирани за обезбедување на соодветна правана помош.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на ценарот подразбира спроведување на следните програмски активности:

**2.1. Работење на Центарот за правна помош**

Правниот центар во текот на целата година ќе обезбедува правна помош, советување и застапување за одреден број на жртви на семејно насилство. Покрај правната помош која подразбира обезбедување на правна помош и советување од областа на граѓанската и кривичната заштита од семејно насилство, за потребите на жртвите на семејно насилство во рамките на Центарот за правна помош обезбедена е помош од страна на социјален работник, како и на останати стручни профили зависно од потребите на жртвата. Тим од вкупно три професионалци работи во рамките на Центарот за правна помош. Двајца надворешни соработници на ЕСЕ ја обезбедуваат стручната помош, односно адвокатот е ангажиран два пати во текот на работната недела, додека останатиот стручен работник еднаш во текот на две недели. Промовирањето на работата на ЦПП ќе се рекламира преку редовните огласи во печатените медиуми заедно со работењето на Здравствениот информативен центар.

Во рамките на Центарот за правна помош предвидено е застапување на одреден број на случаи на семејно насилство. Во текот на годината предвидено е застапување на 10 случаи, за чија намена предвидено е надоместување на судските трошоци за првостепената судска постапка.

***3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство***

Советувалиштето преставува прв специјализиран вид на советувалиште кое нуди директна психосоцијална поддршка и третман за сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилство и да го променат дотогашниот начин на живеење. Тоа е специјализирана форма на помош од страна на професионалци (социјален работник и советувач терапевт) кои ја водат жртвата низ процесот зајакнувајќи ја нејзината независност во донесувањето на вистински одлуки. Советувалиштето нуди повеќе видови на помош и тоа во домените на превенција,

советување и кризна или пост-трауматска интервенција. Советувалиштето работи од април 2008 година.

Преку психолошкото советувалиште нудиме: примарна психолошка помош; итна интервенција за заштита од насилството; психолошка помош и поддршка во услови на долготрајна изложеност на насилство и кризна интервенција.

Корисници на психолошкото советувалиште се жените -жртви на семејно насилство, но исто така и децата како секундарни жртви на насилство. Процесот на помош и поддршка се остварува преку одржување редовни средби на индивидуално ниво или група и по нивно претходно закажување. Советувалиштето работи два дена во текот на работната недела (понеделник и среда) секој работен ден од 16-19 часот. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.
Во текот на 2008-2010 година во Психолошкото советувалиште на вкупно 22 жртви на семејно насилство (вклучувајќи ги нивните деца) им била понудена соодветна стручна помош.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на советувалиштето подразбира спроведување на следните програмски активности:

### 3.1. Работење на психолошкото советувалиште

За потребите на психолошкото советувалиште советувач –терапевт ја обезбедува потребната помош еднаш во текот на работната недела. Со цел промовирање на работењето на советувалиштето, заедно со објавите на Центарот за правна помош ќе биде промовиран предметот на работење на советувалиштето. Промовирањето на работата на Психолошкото советувалиште ќе се рекламира преку редовните огласи во печатените медиуми заедно со работењето на Здравствениот информативен центар и ЦПП.

## III. КОМПОНЕНТА:

## ПАРА-ПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВНИОТ СИСТЕМ СО АКЦЕНТ НА ПРАВАТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Ромите се маргинализирани од повеќе аспекти во јавниот и општествениот живот, меѓу кои и во пристапот до правда, особено во однос на нивното право на здравствена заштита, пристапот до услугите за здравствена заштита, како и нивниот квалитет. Податоците од теренските истражувања укажуваат на постоење на дискриминаторски практики во однос на можноста на Ромите за целосно уживање на човековите права, особено на нивното право на здравствена заштита, како и нивниот третман како пациенти. Оттаму, во 2011 година ЕСЕ ќе започне со процес на воведување на програми за пара-правна помош во ромските заедници во Шуто Оризари и Делчево преку кои ќе се олесни пристапот на Ромите до правниот систем со акцент на правото на здравствена заштита.

Планираните активности имаат за цел подобрување на пристапот на ромското население до правниот систем со фокус на правото на здравствена заштита, односно воспоставување на програма за пара-правна помош во заедницата на општините Шуто Оризари и Делчево преку утврдување и обука на основна група на лица за обезбедување на пара-правна помош и олеснување на пристапот до правниот систем со фокус на правата на здравствена заштита.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат следните активности:

**1. Проценка на потребите (заснована на Прирачникот за човекови права во здравствената заштита);**
**2. Ангажирање на основна група на лица за обезбедување на пара-правна помош;**
**3. Обука на лица за обезбедување на пара-правна помош;**
**4. Воведување на програма за пара-правна помош;**
**5. Функционирање на програмата за пара-правна помош;**
**6. Активности за застапување со цел подобрување на статусот на Ромите и**
**7. Изработка на годишни извештаи за пристапот на Ромите до правниот систем во Македонија.**

**1. Проценка на потребите**
Со цел да се утврдат потребите и пречките со кои се соочуваат Ромите при пристапот до системот за здравствена заштита, како и други прашања за поддршка кои би им овозможиле на Ромите да ги реализираат своите права на здравствена заштита ќе се спроведе проценка на потребите, која ќе вклучува проценка на уживањето на конкретни права од областа на здравствена заштита, како што се превентивна здравствена заштита, пристап до здравствените услуги, право на информираност, право на согласност, право на слободен избор, приватност и доверливост, безбедност, право на избегнување на непотребно страдање и болка, персонализиран третман, жалба, надомест, почитување на времето на пациентот, итн. Проценката на потребите ќе вклучува и проценка на прекршувањата на правата на здравствена заштита и пристапот на Ромите до правниот систем за овие прекршувања, како и проценка на потребите ќе биде насочена кон утврдување на други општествени прашања /области кои се поврзани со уживањето на правото на здравствена заштита на ромското население.

За потребите на проценката ЕСЕ заедно со партнерските организации ќе организира вкупно 6 фокус групи (4 во Шуто Оризари и 2 во Делчево).

**2. Идентификување на основна група на лица за обезбедување на пара-правна помош**
Идентификувањето на основната група на лица за обезбедување на пара-правна помош ќе го извршат ромските партнерски организации. Имено, и двете партнерски организации ќе имаат задача да ја утврдат потенцијалната група на лица за обезбедување на пара-правна помош, кои дополнително ќе поминат низ процес на селекција. За идентификување на лица за обезбедување на пара-правна помош ќе се применат следните нацрт критериуми: средно образование, потекло од заедниците кои се вклучени во спроведување на програмските активности и можно претходно работно искуство во обезбедување на услуги на целното население. Предложените нацрт критериуми ќе подлежат на ревизија од сите партнерски организации инволвирани во проектот. Откако заеднички ќе се одредат критериумите, ќе се избере и групата на лица за обезбедување на пара-правна помош. Во општината Шуто Оризари ќе се идентификува група од шест лица за обезбедување на пара-правна помош, а во Делчево четворица. Вкупно шест лица ќе бидат селектирани и ангажирани во обезбедување на пара-правна помош.

**3. Обука на лица за обезбедување на пара-правна помош**
Обуката на лица за обезбедување на пара-правна помош ќе се состои од почетна и континуиран процес на обука.

Почетната обука на лицата за обезбедување на пара-правна помош ќе следи по извршената проценка на потребите. ЕСЕ ќе подготви програма за почетната обука (програма и материјали за обуката) која ќе ги вклучува следните содржини: концептот на човековите права и особено човековите права во здравствената заштита; структурата и составот на здравствениот и правниот систем; специфичните права на здравствена заштита и разбирањето на концептот на пара-правна помош кој ќе се применува во Македонија. Персоналот на ЕСЕ кој има богато искуство во спроведување на обука ќе реализира најголем дел од предложените содржини на почетната обука. Покрај експертите од ЕСЕ, ЕСЕ ќе ангажира и експерти /членови на нејзината надворешна мрежа на експерти при реализацијата на дел од обуката. Почетната обука на лица за обезбедување на пара-правна помош ќе трае четири дена. Во обуката ќе учествуваат селектираните групи на лица за обезбедување на пара-правна помош (вкупно десет), вклучувајќи ги и претставниците од соодветната партнерска организација (координаторите).

Во рамките на процесот на континуирана обука на лица за обезбедување на пара-правна помош ќе се организираат три дополнителни обуки (секоја во времетраење од по два дена). Обуките ќе разработуваат прашања релевантни за ромските заедници во следниве области: социјална грижа и социјална заштита; прашања од кривичниот закон и кривични постапки и граѓански прашања и граѓански постапки.

**4. Воведување на програма за пара-правна помош**
Процесот на воведување на програмата за пара-правна помош вклучува утврдување на временски распоред и методи на работење на програмата. Во двете партнерски организации ќе се воведе систем за прибирање и документирање на случаите (ЕСЕ има развиен систем, како и развиена база на податоци). За таа цел ќе се инсталира електронска база на податоци. Во текот на почетната фаза на функционирање ќе се спроведе и практична обука за креирање на досиеја, пополнување на влезни формулари и подготовка на другата потребна документација во врска со дадената пара-правна помош.

**5. Функционирање на програмата за пара-правна помош**
Програмата за пара-правна помош која ќе се воведе во партнерските организации ќе опфати три вида на подактивности:

- обезбедување на пара-правна поддршка во поединечни случаи;

- информативни активности по принципот „од врата до врата“, и
- едукативни активности за запознавање на ромската заедница со правото за здравствена заштита.

***5.1. Пара-правната поддршка*** ќе ја обезбедува селектирана група на лица за обезбедување на пара-правна помош кои ќе работат во партнерските организации согласно претходно утврдениот временски распоред. Програмата ќе функционира на принципот  на ненајавени посети, а кога е можно ќе се закажуваат состаноци со клиентите. Лицата за обезбедување на пара-правна помош ќе ја нудат својата поддршка во текот на работните денови во утврдените работните часови. Имено, лицата ќе бидат ангажирани хонорарно два пати неделно. Со овој ангажман, програмата за пара-правна поддршка во Шуто Оризари ќе обезбедува пара-правна поддршка четири дена во неделата, а во Делчево два дена во неделата.

***5.2. Информативните активности „од врата до врата“*** ќе бидат насочени кон промовирање на обезбедувањето на пара-правната поддршка кај ромското население и ќе обезбедат директно информирање на ромското население. Имено, во Шуто Оризари и Делчево лицата кои ќе ја обезбедуваат пара-правната помош во групи од по два члена ќе ги посетуваат ромски домаќинства според претходно утврден промотивен план (најмалку еднаш во два месеци, односно, вкупно шест посети во секоја ромска заедници). Овие активности ќе се одвиваат во континуитет низ целата година. Покрај посетите на домаќинствата, лицата за обезбедување на пара-правна помош ќе треба да ги утврдат сите установи за здравствена заштита во нивните заедници и да закажат денови за нивна посета. Закажаните денови за посети ќе бидат вклучени во промотивниот план. Во рамките на овие активности, пациентите ќе бидат информирани за активностите кои се преземаат како дел од програмите за обезбедување на пара-правна помош, а исто така ќе овозможат информирање на заинтересираните пациенти да ја побараат потребната помош преку споменатите програми.

***5.3. Едукативните активности***  имаат за цел да ја зголемат свесноста за специфичните здравствени прашања релевантни за заедницата (деца, жени, мажи, хендикепирани лица, стари лица и други ранливи групи). Во секоја општина, односно, во Шуто Оризари и Делчево ќе се организира серија од 6 тркалезни маси (една на секои два месеци).  Дел од предавањата ќе се однесуваат на правата на пациентите и нивната заштита (со дополнителни информации за функционирањето и поддршката што ќе ја нудат програмите за пара-правна помош) ќе бидат презентирани од страна на лицата кои ќе ја обезбедуваат пара-правната помош.

**6. Активности за застапување со цел подобрување на статусот на Ромите**

Врз основа на здобиеното искуство и податоците собрани во текот на функционирањето на пара-правната програма ќе се одржат две јавни дебати во вклучените ромски заедници. Имено, во секоја од селектираните ромски заедници ќе се одржат по две јавни дебати, вкупно четири. Јавните дебати ќе бидат организирани со цел корисниците / пациентите и професионалците кои ја нудат таа заштита да дебатираат по прашањето на заштитата на правата на пациентите. На дебатите ќе бидат поканети и градоначалниците, членовите на Комисиите за здравство и општинската администрација  со цел да се зголеми нивната свесност и да можат во поголема мера да реагираат на општата состојба на Ромите, и конкретно на нивната здравствена состојба. Ќе бидат поканети и претставниците на Владата кои се одговорни за имплементација на Деценијата на Ромите, со цел да ги имаат предвид сите размислувања при осмислувањето на нови активности и поддршка на ромските граѓански организации.

**7. Изработка на годишни извештаи за пристапот на Ромите до правниот систем во Македонија**

Партнерските организации ќе имаат обврска да подготват годишен извештај кој ќе содржи сумирана анализа на собраните податоци, искуства и научени лекции од обезбедувањето на пара-правна помош во Шуто Оризари и Делчево. Извештаите ќе ги содржат и резултатите од дискусиите на јавните дебати, како и препораки за подобрување на здравствената состојба на Ромите во секоја од вклучените ромски заедници. Извештајот ќе биде изработен во електронска верзија и ќе биде достапен на широката, професионалната, академската и друга заинтересирана јавност. Покрај тоа, извештаите ќе бидат поставени на веб страната на ЕСЕ.

## IV. КОМПОНЕНТА:

## АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА

Во рамките на оваа програмска компонента предвидено е преземање на активности кои имаат за цел:

1. ***Развивање на индивидуална филантропија и***
2. ***Развивање на концептот на општествена одговорност.***

Планираните активности ќе имаат за цел промовирање на концептот на индивидуална филантропија и општествена одговорност, односно развивање на индивидуална филантропија и развивање на концептот на општествена одговорност.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат активностите кои се утврдени со Планот за оддржливост на ЕСЕ за перидото 2009-2012 година.Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат активности за развивање на индивидуална филантропија и развивање на концептот на општествена одговорност. Планирано е овие активности да се организираат на национално и на локално ниво.